До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Прашање во врска со постоење или непостоење на судир на интереси, во врска со лице кое било назначено како надворешен член во Комисија за урбанизам од страна на градоначалникот на општина сега е избрано за вршење на функцијата член на Совет на истата општина. Од Државната комисија се бара мислење дали истото лице може да остане член на таа комисија или да биде заменето со друго лице.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Согласно член 8 став (2) од истиот Закон: Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Процесот за изработување и донесување на урбанистичките планови е предвиден со член 38 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20, бр.111/23, Автентично толкување на членот 93 став (2) од Законот за урбанистичко планирање бр.73/24, бр.171/24, бр.224/24, бр.40/25, бр.101/25 и бр.127/25):
„(5) Градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје, односно градоначалникот на град Скопје, формира комисија за урбанизам

на општината, како тело што е задолжено да ги врши стручните работи во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.
(6) Комисијата за урбанизам на општините со седиште во поголем град (што има над 50000 жители) и на општините во градот Скопје е составена од најмалку пет члена архитекти урбанисти, од кои тројца членови се носители на овластување за изработка на урбанистички планови, а двајца членови се со професионално искуство од областа на водење на постапки за изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови, при што најмалку двајца членови треба да не се вработени во општинската администрација.

(8) Комисијата за урбанизам од ставовите (6) и (7) на овој член, постапува по поднесените иницијативи согласно членот 39 од овој закон, ја врши анализата од членот 22 од овој закон, ја предлага планската програма за урбанистичките планови од членот 44 од овој закон, ја организира стручната расправа од членот 49 од овој закон, јавната анкета и јавната презентација од членот 50 од овој закон, дава стручно мислење за нацрт и предлог на урбанистичките планови за кои се води постапка за донесување односно проверува дали со планските решенија се исполнети барањата од планската програма, проверува дали изработувачот на планот ги вградил забелешките од стручната расправа односно од јавната анкета, дава мислење за техничка исправка на урбанистички план од членот 36 од овој закон, учествува во работата на партиципативното тело од членот 46 од овој закон и учествува во постапките за одобрување на урбанистички проекти од членовите 62 и 63 од овој закон и го подготвува извештајот за состојбите во просторот од членот 66 од овој закон.

(13) На членовите на комисијата за урбанизам од ставовите (5), (9) и (11) од овој член им следува надоместок за учеството во работата на комисијата, кој се обезбедува од буџетот на органот што ја формирал комисијата, што го утврдува градоначалникот на општината, градоначалникот на општината на градот Скопје, градоначалникот на градот Скопје, односно министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, врз основа на обемот и сложеноста на работите што произлегуваат од бројот на одржани седници, бројот на урбанистички планови или други предмети што се во нивна надлежност, густината на населеност и процентот на изграденост во планските опфати што се обработени, значењето односно комплексноста на поединечни зафати и слично.“

Иницијативата за изработка на урбанистички план е предвидена со член 39 од истиот закон:
„(4) Комисијата за урбанизам од членот 38 од овој закон, е должна во рок од 15 работни дена од приемот на иницијативата да одлучи по секоја поднесена иницијатива и да го извести подносителот за одлуката, со образложение за причините, стручниот и правниот основ за нејзиното прифаќање односно неприфаќање и тоа во форма во којашто иницијативата била поднесена.
(5) Прифатената иницијатива комисијата за урбанизам од членот 38 од овој закон му ја поднесува на градоначалникот односно на министерот, а овој ја предлага на Советот на општината, општината во градот Скопје, градот Скопје или Владата на Република Северна Македонија, за да биде вградена во програмата за донесување на урбанистички планови од членовите 40 и 41 од овој закон.“

Имајќи ги во предвид горенаведните законски одредби, особено одредбите кои ја регулираат надлежноста на Комисијата за урбанизам, како и нејзиното постапување при поднесена иницијатива за изработка на урбанистички план, Државната комисија смета дека истото лице не може да биде дел од таа комисија каде се прифаќа/неприфаќа иницијативата, по што прифатената инцијатива се поднесува до градоначалникот а тој ја предлага на Советот на општина, каде истото лице е член.

Имено, едно лице од две различни позиции доколку за иста работа има право да носи одлуки може да доведе до влијание врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности, односно истото лице може да ја злоупотреби својата позиција за лична корист, а со тоа да го прекрши и Начелото на интегритет.

Член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - Начело на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и

должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Претседател,

Адем Чучуљ